АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 15.06.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3184 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 6 јуни 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 15 јуни 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик и/или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, од која половина во периодот од 7 до 19 часот);

   – **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

   *За непочитување на член 92 ставови 1 и 14 од Законот, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-286, 28.04.2016 година) на Трговското Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (28.04.2016 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 6 јуни 2016 година, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***